**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Ул. Св.Кирил и Методија бр.54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ПП бр: 09- 4 /
Скопје:

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11 и 41/14), Комисијата за одлучување по прекршок составена од Чедомир Краљевски - претседател, Благој Чурлинов и Насер Жарку - членови, постапувајќи по барањето за поведување постапка бр.09-5/1 од 23.01.2012 година поднесено од лицето ПД од Гевгелија, застапувано од полномошник Блажо Ѓорѓиев, адвокат од Гевгелија против Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" Гевгелија застапувано од Убавка Вегова – управител, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 04.04.2014 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" Гевгелија, со седиште на Ул.7-ми Ноември бр.50 Гевгелија ЕМБС 4023854 и едниствен даночен број 4006990100872, застапувано од Убавка Вегова - управител, Гевгелија како единствено претпријатие на пазарот на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта, на територијата на општина Гевгелија, во периодот од 22.01.2009 година до денот на донесување на ова решение ја злоупотребил доминантната позиција на наведениот пазарот, на начин што при реализација на солидарниот погреб не предвидува можност за рефундирање на средства на корисниците на солидарен погреб во случај на користење на погребални услуги од други претпријатија даватели на овие услуги, ги дестимулира да набавуваат погребални услуги од други претпријатија, на тој начин ги ограничувајќи ги конкурентските можности на претпријатијата кои даваат погребални услуги, врши ограничување на пазарот на давање на погребални услуги, па така искористувајќи исти прилики или други слични околности, сторил повеќе временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 став (2) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 145/10 бр.136/11 и бр.41/14) за што му се изрекува **санкција - глоба во износ од** 123.000,00 **денари што претставува** 0,14% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија остварен во 2013 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

2. Се утвдува дека ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ„ Гевгелија како единствено претпријатие на пазарот на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта, на територијата на општина Гевгелија, во периодот од година од 27.05.2006 година (како дена на влегување во сила на Законот за прекршоци) до денот на донесување на ова решение врши злоупотреба на доминантната позиција на наведениот пазарот, на начин што го врзувало

**Ул. Св.Кирил и Методија бр.54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

користењето на солидарниот погреб и погребална опрема со_плаќање на сметките за комунални услуги, односно го условило користењето на средствата од солидарниот надомест за погреб и погребална опрема со прифаќање на дополнителни обврски – плаќање на надомест за вода и смет, дејствија кои по својата природа не се во врска со предметот на договорот при што искористувајќи исти прилики или други слични околности, сторил повеќе временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од, член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 став (2) точка 4) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 145/10, бр.136/11 и бр.41/14) за што му се изрекува **санкција - глоба во износ од** 30.750**,оо денари, што претставува** 0,03% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија остварен во 2013 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

3.Глобата од точка 1 и точка 2 од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРМ. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

На ден 23.01.2012 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) од страна на лицето ПД Гевгелија доставено е барање за поведување на прекршочна постапка против Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" Гевгелија (во натамошниот текст: ЈПКД „Комуналец" Гевгелија) со седиште на Ул.7-ми Ноември бр.50 Гевгелија во кое меѓу другото се наведува дека ЈПКД Комуналец Гевгелија во сметките за комунални услуги наплатува надомест за солидарен погреб и користењето на истиот го условува со плаќање на сметките за други комунални услуги, вклучувајќи и склучување на вонсудски спогодби за одложено плаќање на долг.

КОП со заклучок бр.09-5/2 од 25.01.2012 година побара од ЈПКД „Комуналец" Гевгелија доставување на релевантни податоци и докумнети и тоа: Извод од Централен регистар за тековна состојба на ЈПКД Комуналец Гевгелија; Биланс

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk


на успех на ЈПКД Комуналец Гевгелија за 2007, 2008, 2009 и 2010 година; Статут на ЈПКД Комуналец Гевгелија; Правни акти и други документи врз основа на кои ЈПКД Комуналец Гевгелија оперира со градските гробишта во Гевгелија; Правни и други акти врз основа на кои е воведен солидарен фонд за погребални услови кој се наплатува од корисниците на услугите на ЈПКД Комуналец Гевгелија, како и објаснување за начинот на кој истиот е организиран и се реализира; Податоци за висината на износот на наведениот солидарен фонд и податоци за тоа кои стоки и услуги се покриваат од солидарниот фонд; Податоци за вкупниот број на домаќинства до кои ЈПКД Комуналец Гевгелија доставува фактури за комунални услуги (вода и ѓубретарина) и број на домаќинства кои плаќаат надомест за солидарен фонд одделно за 2008, 2009, 2010 и 2011 година; Податоци за вкупниот број неизвршени погреби на гробиштата во Гевгелија и колку од нив се извршени на товар на солидарниот фонд одделно за 2008, 2009, 2010 и 2011 година; Податоци за бројот на склучени вонсудски спогодби за одложено плаќање на долг за комунални услуги во 2008, 2009, 2010 и 2011 година и податоци за лицата (име и презиме, адреса) со кои се склучени овие спогодби.

Со допис бр.09-5/3 од 06.02.2012 година и ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија одговори на наведениот заклучок.

По разгледување на прибавените податоци КОП на 01.10.2012 година донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр. 09-5/5 против ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, а по барање на лицето ПД. Со заклучокот КОП побара од ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија доставување на релевантни податоци и тоа: Објаснување на начинот на кој е организиран е се реализира солидарниот фонд во 2012 година;Правни акти врз основа на кои Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец Гевгелија оперира со градските гробишта во Гевгелија;Податоци за вкупниот број на домаќинства до кои Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец Гевгелија доставува фактури за комунални услуги (вода и ѓубретарина) и број на домаќинства кои плаќаат нсдомест за солидарен фонд во месец август 2012 година;Вкупен број на извршени погреби на гробиштата во Гевгелија и колку од нив се извршени на товар на солидарниот фонд во периодот 01.01.2012 до 31.08.2012 година;Објаснување дали сеуште Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец Гевгелија врши погребални услуги врз основа на Одлуката за привремено доделување на вршење на погребални услуги на Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец Гевгелија бр. 03-733/2 од 01.07.2010 година; Биланс на успех за 2011 година; Извод од Централен регистар на Република Македонија за тековна состојба и Податоци за жиро-сметка, единствен даночен број и банка-депонент на сметка.

Со допис бр. 09-5/6 од 15.10.2012 ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија одговори на заклучокот.

Дополнително, КОП со заклучок бр.09-4/1 од 15.01.2013 година побара од ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија доставување на следните податоци и документи: Објаснување кои погребални трошкови и услуги се покриваат од солидарниот

**Ул. Св.Кирил и Методија бр.54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

фонд, односно во случај на смрт на член на домаќинство кое плаќа надомест за солидарен фонд кои погребална опрема и услуги ги покрива солидарниот фонд; Објаснување дали и под кои услови ЈПКД „Комуналец" Гевгелија,врши обештетување на корисниците на солидарниот фонд доколку дел од опремата или услугите кои ги покрива солидарниот фонд ги набават од друго претпријатие; Податоци за вкупниот број на домаќинства до кои Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец Гевгелија доставува фактури за комунални услуги (вода и ѓубретарина) и број на домаќинства кои плаќаат нсдомест за солидарен фонд во месец декември 2012 година; Вкупен број на извршени погреби на гробиштата во Гевгелија и колку од нив се извршени на товар на солидарниот фонд во 2012 година; Објаснување дали сеуште Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец Гевгелија врши погребални услуги врз основа на Одлуката за привремено доделување на вршење на погребални услуги на Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец Гевгелија бр. 03-733/2 од 01.07.2010 година и Вкупно приходи остварени од наплата на солидарен фонд во 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011 и 2012 година.

Со допис бр. 09-4/2 од 01.02.2013 ЈПКД „Комуналец" Гевгелија одговори на заклучокот.

Со заклучок бр.09-4/3 од 25.03.2013 година КОП побара од ЈПКД „Комуналец" Гевгелија, да ги достави следните податоци и документи: Биланс на успех за 2012 година; Податоци за вкупниот број на домаќинства до кои ЈПКД Комуналец Гевгелија доставува фактури за комунални услуги (вода и ѓубретарина) и број на домаќинства кои плаќаат надомест за солидарен фонд одделно за 2005, 2006 и 2007 година; Податоци за вкупниот број на извршени погреби на гробиштата во Гевгелија и колку од нив се извршени на товар на солидарниот фонд одделно за 2005, 2006 и 2007 година; Копија од сметка за комунални услуги во која е вклучен надомест за солидарен погреб и Копија од сметка за комунални услуги во која не е вклучен надомест за солидарен погреб.

Со Допис бр.09-4/4 од 10.04.2013 година ЈПКД „Комуналец" Гевгелија одговори на заклучокот.

Согласно член 42 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП со допис бр.09-4/7 од 21.05.2013година до ЈПКД „Комуналец" Гевгелија и до лицето П.Д. достави прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-4/8 од 12.06.2013 и 09-4/9 од 20.06.2013 година ЈПКД „Комуналец" Гевгелија се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-4/10 од 26.116.2013 година ЈПКД „Комуналец" Гевгелија достави известување.

**Ул. Св.Кирил и Методија бр.54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

КОП со допис бр.09-4/11 од 26.12.2013 година до ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и до лицето П.Д. достави конечно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-4/1 од 14.01.2014 година ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба

Со Заклучок бр. 09-4/2 од 12.02.2014 година КОП од ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија побара доставување на податоци за вкупниот број на домаќинства до кои ЈПКД Комуналец Гевгелија доставува фактури за комунални услуги (вода и ѓубретарина) и број на домаќинства кои плаќаат надомест за солидарен фонд за 2013 година; вкупниот број на извршени погреби на гробиштата во Гевгелија и колку од нив се извршени на товар на солидарниот фонд во 2013 година; вкупно остварени приходи од наплата на надомест за солидарен фонд за 2013 година и дали Советот на општината ја усвоил Одлука за отстапување на надомест за погреб на покоен бр. 02-1295/5 од 07.11.2013 година донесена од страна на ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија.

Со Допис бр.09-4/3 од 24.02.2014 година ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија одговори на заклучокот.

Со допис бр.09-4/4 од 05.03.2014 година лицето ПД од Гевгелија побара увид во списите од предметот.

Со Заклучок бр. 09-4/5 од 07.03.2014 година КОП одговори на барањето.

КОП со допис бр.09-4/6 од 17.03.2014 година до ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и до лицето П.Д. достави конечно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-4/7 од 01.04.2014 година лицето П.Д. се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис бр.09-4/8 од 02.04.2014 година ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Врз основа на горенаведените податоци и произнесувањето по прелиминарното и конечните известувања, КОП ја утврди следната фактичка состојба:

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија е јавно претпријатие основано од Советот на општина Гевгелија. На седница одржана на 09.06.1998 година со Одлука за основање Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ – Гевгелија. ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија е основано за вршење комунални дејности од повеќе области, меѓу другото и за снабдување со вода за пиење, одведување урбани отпадни води, изнесување на смет, одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги, зелени пазари, паркови и зеленило, јавна чистота и други комунални дејности.

**Ул. Св.Кирил и Методија бр.54** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Советот на општина Гевгелија, врз основа на член 14 од Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на РМ бр.86/08) на седница одржана на 16.12.2009 година донел Одлука за управување со гробиштата на подрачјето на општина Гевгелија. Во член 2 од оваа одлука е утврдено дека со гробиштата на подрачјето на општина Гевгелија (градските гробишта и гробиштата во населените места) ќе управува ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија како управител на гробишта. Согласно член 3 став (1) точка 10) од Законот за гробишта и погребални услуги, управител на гробишта е јавно претпријатие или друго правно лице кое врши работи на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта.

Согласно член 4 од Законот за гробишта и погребални услуги вршењето на дејноста управување со гробишта и вршењето на дејноста погребални услуги се неспоиви.

Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 22.06.2010 година донел одлука бр. 07-1973/1 за привремено доделување на вршење на погребални услуги на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија. Со наведената одлука Советот на општина Гвгелија утврдува дека ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија дејноста погребални услуги ќе продолжи привремено да ја врши до определување на оператор за вршење на погребални услуги во општина Гевгелија. До моментот на носење на ова решение ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија сеуште ја врши дејноста – давање погребални услуги.

Од горенаведеното прозлегува дека ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија е единствено претпријатие на територијата на општина Гевгелија кое врши комунална дејност од јавен интерес и истото има доминантна позиција на:

- пазарот на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта и

- пазарот на давање на погребални услуги,

на територијата на општина Гевгелија, како релевантен географски пазар согласно член 10 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: ЗЗК).

Во член 3 став (2) од ЗЗК е утврдено дека законот се применува на правните лица чии основачи или сопственици на удели или акции се Република Македонија, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје.

На 21.01.2005 година Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија донел Правилник бр. 02-49/4 за регулирање на права и обврски од солидарните погребни трошкови и услуги. Со овој правилник се регулирани сите права и обврски што произлегуваат со собирањето и користењето на средствата од солидарните погребални трошкови и услуги. Согласно член 9 од правилникот – при смрт на член од домаќинство правото на користење на солидарни погребални трошкови и услуги ќе се докажува со платените сметки за

Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

комунални услуги (да нема заостанат долг) или со потврда од финансова служба на претпријатието. Согласно член 10 од правилникот - ЈПКД Комуналец ќе води грижа за навремено собирање на солидарните погребални трошкови и услуги. Доколку корисникот ги нема платено сметките, ЈПКД Комуналец има право да ги наплати сметките или да го укине правото на корисникот од солидарни погребални трошкови и услуги.

ЈПКД „Комуналец" Гевгелија во случај на смрт на член на домаќинство кое плаќа надомест за солидарни погребални трошкови и услуги, ги дава следните услуги:
- превоз на починатиот од дома до капела;
- чување во комора;
- излагање во капела;
- гробно место со бетонска рамка;
- наем за гробно место ;
- ископ и закоп во гробно место;
- уредување простор на нов гроб и
- одржување хигиена на гробишта.

Во дописот бр.09-4/2 од 01.02.2013 година ЈПКД „Комуналец" Гевгелија наведува дека во Гевгелија освен ЈПКД „Комуналец" Гевгелија никој друг не врши погребни услуги поради што и не се врши обесштетување на корисниците на солидарниот фонд за делот на погребални услуги.

Согласно Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08 и бр.156/10) управувањето со гробишта општината го врши преку јавно претпријатие за комунални услуги или преку правно лице кое има дозвола за управување со гробишта, врз основа на јавен конкурс. Согласно член 4 од Законот за гробишта и погребални услуги вршењето на дејноста управување со гробишта и вршењето на дејноста погребални услуги се неспоиви. Согласно член 47 од Законот за гробишта и погребални услуги јавните претпријатија и други правни лица кои до денот на влегувањето во сила на овој закон вршеле работи на одржување на гробишта и вршење на погребални услуги, должни се своето работење да го усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Согласно член 3 став (1) точка 7 од Законот за гробишта и погребални услуги, погребални услуги се вид на комунална дејност што подразбира преземање, чување, опремување и превоз на умрено лице до местото за погреб и погреб или кремирање. Согласно член 3 став (1) точка 13 од Законот за гробишта и погребални услуги оператор на погребални услуги е физичко или правно лице кое врши работи на преземање на умреното лице од местото каде починало, превезување до мртовечница, чување, опремување и превоз на умреното лице до местото на погреб, погребување или кремирање. Погребалните услуги ги вршат физички или правни лица кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги, односно оператори на погребални услуги.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со овие одредби законодавецот комуналната дејност – погребални услуги ја либерализира, односно ја отвара за конкуренција.

**Табела 1: Број на корисници на комунални услуги и корисници кои плаќаат надомест за солидарните погребални трошкови и услуги (надомест за солидарен погреб)**

| Период | Вк.бр. на корисници на комунални услуги | Број на корисници кои плаќаат солидарен погреб | % учество на корисници кои плаќаат солидарен погреб |
|---|---|---|---|
| 2005 | 5.092 | 4.049 | 79,52% |
| 2006 | 5.155 | 4.063 | 78,82% |
| 2007 | 5.192 | 4.092 | 78,81% |
| 2008 | 6.473 | 4.140 | 63,96% |
| 2009 | 7.199 | 4.125 | 57,30% |
| 2010 | 7.251 | 4.120 | 56,82% |
| 2011 | 7.257 | 4.126 | 56,85% |
| 2012 | 8.209 | 4.160 | 50,68% |
| 2013 | 8.340 | 4.217 | 50,56% |

**Табела 2: Број на вкупно извршени погреби и број на извршени солидарни погреби**

| Период | Број на вкупно извршени погреби | Извршени солидарни погреби | % учество на извршени солидарни погреби |
|---|---|---|---|
| 2005 | 134 | 131 | 97,76% |
| 2006 | 131 | 131 | 100% |
| 2007 | 155 | 152 | 98,06% |
| 2008 | 160 | 158 | 98,75% |
| 2009 | 167 | 164 | 98,20% |
| 2010 | 155 | 151 | 97,42% |
| 2011 | 154 | 153 | 99,35% |
| 2012 | 166 | 161 | 96,99% |
| 2013 | 166 | 163 | 98,19% |

Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Видно од податоците од табелите 1 и 2 за периодот 2005- 2013 година, над 50% од корисниците на комунални услуги (домаќинства во општина Гевгелија) плаќаат и надомест за солидарен погреб, додека над 95% од извршените погреби се погреби опфатени со солидарен погреб. Со ова над 95% од пазарот на давање на погребални услуги е затворен односно ограничен за влез на други претпријатија. Видно од списите во предметот како резултат на горенаведеното од влегувањето во сила на Законот за гробишта и погребални услуги до денс, а тоа е период од четири и пол години, нема влез на конкуренти на овој пазар, односно ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија е единствено претпријатие кое врши давање на погребални услуги.

Ваквото однесување на ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија е спротивно на интенцијата на законодавецот на Законот за гробишта и погребални услуги за воведување на конкуренција и комерцијализирање на дејноста погребални услуги. Во таа насока, а согласно член 47 став (2) од Законот за гробишта и погребални услуги," јавните претпријатија и другите правни лица кои до денот на влегување во сила на овој закон вршеле работи на одржување на гробишта и вршење на погребални услуги, должни се своето работење да го усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон".

Услугите превоз на починатиот од дома до капела и ископ и закоп во гробно место се основни погребални услуги и со вклучувањето на овие услуги во солидарниот фонд, односно **со непредвидување на можност за <u>рефундирање</u>** <u>**на средствата на корисниците на солидарен погреб при користење на погребални услуги од други претпријатија,**</u> ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија врши затварање на пазарот на погребални услуги.

<u>1.Врз основа на наведеното КОП утврди ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија како единствено претпријатие на пазарот на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта, на територијата на општина Гевгелија, во периодот од 22.01.2009 година до денот на донесување на ова решение ја злоупотребил доминантната позиција на наведениот пазарот, на начин што при реализација на солидарниот погреб не предвидува можност за рефундирање на средства на корисниците на солидарен погреб во случај на користење на погребални услуги од други претпријатија даватели на овие услуги, ги дестимулира да набавуваат погребални услуги од други претпријатија, на тој начин ги ограничувајќи ги конкурентските можности на претпријатијата кои даваат погребални услуги, врши ограничување на пазарот на давање на погребални услуги, па така искористувајќи исти прилики или други слични околности, сторил повеќе временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 став (2) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ,, бр. 145/10 бр.136/11 и бр.41/14).</u>

Како почеток на времетраење на злоупотребата КОП го зема <u>22.01.2009 година</u> - датумот до кога, согласно член 47 од Законот за гробишта и погребални услуги, јавните претпријатија и другите правни лица кои до денот на влегување

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

во сила на наведениот закон вршеле работи на одржување на гробишта и вршење на погребални услуги, биле должни своето работење да го усогласат со одредбите од наведениот закон. Законот за гробишта и погребални услуги влегува во сила на 22.07.2008 година. Согласно член 47 од Законот за гробишта и погребални услуги, ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија бил должен своето работење да го усогласи со одредбите од наведениот закон во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на законот, односно до 22.01.2009 година.

Во периодот од 22.01.2009 година до 13.11.2010 година важел Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр.04/05, 70/06 и 22/07), во кој ограничувањето на пазарите на штета на потрошувачите, согласно член 14 став (2) точка 2) од истиот претставува злоупотреба на доминантата позиција што претставува тешка повреда на одредбите од законот пропишана со член 47 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр.04/05, 70/06 и 22/07).

Со оглед на фактот дека прекршокот при_носење на ова решение сеуште трае КОП го применува Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр.145/10, бр.136/11 и бр.41/14).

Со дописот бр.09-4/10 од 26.11.2013 година ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија достави до КОП копија од Одлука за отстапување на надомест за погреб на покоен бр. 02-1295/5 од 07.11.2013 година од страна на ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија и од Известувањето од општина Гевгелија од 18.11.2013 година. Со Одлуката е утврдено дека во случај на погреб на покоен-член на семејното домаќинство на носителот на гробното место им се отстапува надомест за трошоци за погреб во износ од 6.750,оо денари. Одлуката влегува во сила по добивање на согласност од Советот на општина Гевгелија. Од известувањето од општина Гевгелија е видно дека Советот на општината го одложил усвојувањето на наведената Одлука. Оттука бидејќи наведената Одлука бр. 02-1295/5 од 07.11.2013 на ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија не е одбрена од Советот на општината истата сеуште не е влезена во сила.Дополнително со дописот бр. 09-4/3 од 24.02.2014 година ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија повторно на извести КОП дека наведената одлука Советот на општина Гевгелија сеуште не ја усвоил. Оттука, КОП утврди дека наведениот прекршок сеуште трае.

2. Во текот на постапката КОП утврди дека ЈПКД ,,КОМУНАЛЕЦ,, Гевгелија како единствено претпријатие на пазарот на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта, на територијата на општина Гевгелија, во периодот од година од 27.05.2006 година (како дена на влегување во сила на Законот за прекршоци) до денот на донесување на ова решение врши злоупотреба на доминантната позиција на наведениот пазарот, на начин што го врзувало користењето на солидарниот погреб и погребална опрема со плаќање на сметките за комунални услуги, односно го условило користењето на средствата од солидарниот надомест за погреб и погребална опрема со прифаќање на дополнителни обврски – плаќање на надомест за вода и смет, дејствија кои по својата природа не се во врска со предметот на договорот при што искористувајќи исти прилики или други слични околности, сторил повеќе

Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од, член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 став (2) точка 4) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 145/10, бр.136/11 и бр.41/14)

Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија, на 21.01.2005 година донел Правилник бр. 02-49/4 за регулирање на права и обврски од солидарните погребни трошкови и услугиот. Со овој правилник се регулирани сите права и обврски што произлегуваат со собирањето и користењето на средствата од солидарните погребални трошкови и услуги. Согласно член 9 од правилникот – при смрт на член од домаќинство правото на користење на солидарни погребални трошкови и услуги ќе се докажува со платените сметки за комунални услуги (да нема заостанат долг) или со потврда од финансова служба на претпријатието. Согласно член 10 од правилникот - ЈПКД Комуналец ќе води грижа за навремено собирање на солидарните погребални трошкови и услуги. Доколку корисникот ги нема платено сметките, ЈПКД Комуналец има право да ги наплати сметките или да го укине правото на корисникот од солидарни погребални трошкови и услуги.

Иако Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија го донел Правилникот бр. 02-49/4 за регулирање на права и обврски од солидарните погребни трошкови и услуги на 21.01.2005 година, како почеток на времетраењето на злоупотребата КОП го зема од 27.05.2006 година (како дена на влегување во сила на Законот за прекршоци). Имено КОП при одлучување за почетокот на времетраењето на прекршокот ја имеше во предвид одредбата од член 56 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07) според кој одредбите од член 47 и 48 на овој закон се применуваат од денот на влегување во сила на Законот за прекршоци. Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр.62/06 и бр.51/11) влезе во сила на 27.05.2006 година, па оттука и прекршокот започнал на 27.05.2006 година.

Во периодот од 21.01.2005 година до 13.11.2010 година важел Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 04/05, 70/06 и 22/07), во кој прифаќање на дополнителни обврски, кои по својата природа не се во врска со предметот на договорот,согласно член 14 став (2) точка 4) од истиот претставува злоупотреба на доминантата позиција што претставува тешка повреда на одредбите од законот пропишана со член 47 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 04/05, 70/06 и 22/07).

Со оглед на фактот дека прекршокот сеуште трае КОП го применува Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 145/10, бр.136/11 и бр.41/14).

На 13.11.2010 година, пак, во сила стапи новиот Закон за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ" бр. 145/10) согласно кој за прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред

Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок (член 30 став (1) од овој Закон).
Од горенаведеното произлегува дека Комисијата за заштита на конкуренцијата преку Комисијата за одлучување по прекршок е надлежна за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција.

Согласно член 59 од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение му изрекува глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од Законот.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

Согласно член 64 став (3) од Законот основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Дополнително при одмерувањето на висината на глобата КОП се рководи и од Насоките за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата.

КОП при утврдувањто на висината на глобата, тргнува од вкупно остварените приходи кои ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија го остварил со наплата на солидарен погреб_во 2013 година како последна целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот.

Вкупните приходи на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија во 2013 година, остварени со наплата на солидарен фонд изнесуваат 6.149.190,00 денари, додека вкупно остварените приходи на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија согласно билансот на успех во 2013 изнесуваат 90.641.421,00 денари.

Дополнително при одмерувањето на глобата КОП го има во предвид и тежината на прекршокот опишана погоре, бројот на години на траење на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Оттука, за сторениот прекршок злоупотреба на доминантна позиција**, претпријатие на пазарот на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта, на територијата на општина Гевгелија, во периодот од 22.01.2009 година до денот на носење на ова решение, на начин што при реализација на солидарниот погреб не предвидува можност за рефундирање на средства на корисниците на солидарен погреб во случај на користење на погребални услуги од други претпријатија даватели на овие услуги, ги дестимулира да набавуваат погребални услуги од други претпријатија, на тој начин ги ограничувајќи ги конкурентските можности на претпријатијата кои даваат погребални услуги, врши ограничување на пазарот на давање на погребални услуги, па така искористувајќи исти прилики или други слични околности, сторил повеќе временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 став (2) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 145/10 бр.136/11 и бр.41/14) КОП при утврдување на глобата ги зема во предвид тежината на прекршокот опишана погоре, бројот на години на траење на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот. Наведениот прекршок злоупотреба на доминантна позиција преку ограничување на пазарот на давање на погребални услуги на штета на потрошувачите е тешка повреда на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, времетраењето на прекршокот е 4 (четири) години и 11 месеци (од 22.01.2009 година до денот на носење на ова решение), прекршокот бил сторен на дел од територијата на Република Македонија (територија на општина Гевгелија). Оттука КОП утврди дека износот на **глобата** кој му се изрекува на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија за наведениот прекршок **изнесува** 123.000,**оо денари, што претставува** 0,14% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија остварен во 2013 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

**За сторениот прекршок злоупотреба на доминантна позиција**, **на пазарот** на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта, на територијата на општина Гевгелија, во периодот од година од 27.05.2006 година (како дена на влегување во сила на Законот за прекршоци) до денот на носење на ова решение врши злоупотреба на доминантната позиција на наведениот пазарот, на начин што го врзувало користењето на солидарниот погреб и погребална опрема со_плаќање на сметките за комунални услуги, односно го условило користењето на средствата од солидарниот надомест за погреб и погребална опрема со прифаќање на дополнителни обврски – плаќање на надомест за вода и смет, дејствија кои по својата природа не се во врска со предметот на договорот при што искористувајќи исти прилики или други слични околности, сторил повеќе временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од, член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 став (2) точка 4) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 145/10, бр.136/11 и бр.41/14), КОП при утврдување на глобата ги зема во предвид тежината на прекршокот опишана погоре, бројот на години на траење на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот

Ул. Св.Кирил и Методија бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Наведениот прекршо е тешка повреда на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, времетраењето на прекршокот – 7 (седум) години и 8 месеци (од 27.05.2006 година до денот на носење на ова решение), прекршокот бил сторен на дел од територијата на Република Македонија (територија на општина Гевгелија). Оттука КОП утврди дека износот на **глобата** кој му се изрекува на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија за наведениот прекршок **изнесува** 30.750**,оо денари, што претставува** 0,03% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија остварен во 2013 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**